РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 02-1084/1
15.06 2016 год.
СКОПЈЕ

Поаѓајќи од Уставот и законите на Република Македонија, врз основа на принципите на владеење на правото, како и принципите за добро управување, со цел ефектите од креирањето и спроведувањето на политиките за кои е задолжено Министерството за локална самоуправа да се реализираат во целост, секогаш имајќи ги предвид потребите и интересите на граѓаните, како и остварувањето на нивните права, со цврста решеност за справување со можните ризици за корупција и неетичко однесување во рамките на институцијата, Министерството за локална самоуправа во своето работење целосно ги афирмира принципите на:

## ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ

Министерството за локална самоуправа преку спроведување на ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ има за цел да ги афирмира принципите на владеење на правото и јасно да декларира нулта толеранција кон корупција.

Во Министерството за локална самоуправа не се толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на лична корист.

Во Министерството за локална самоуправа се инсистира на индивидуален интегритет во смисла на изграден личен однос на отпорност на корупција и судир на интереси, секогаш ставајќи го на прво место јавниот интерес и професионалноста во случаите на донесување на одлуки, реализирање на работните задачи, во комуникацијата со корисници на услуги, клиенти, соработници и колеги.

Министерството за локална самоуправа работи на зајакнување на институционалниот интегритет, во смисла на заокружување на системот на механизми и процедури кои што го стеснуваат просторот и можностите за корупција, а воедно ги мотивираат вработените и граѓаните на чесен однос во остварувањето на нивните обврски и права.

Министерството за локална самоуправа превентивно дејствува против корупцијата, со обуки, како и со подигање на свеста на вработените за градење систем на интегритет во Министерството.

Во прилог на овие цели:

1. Раководното лице на Министерството и вработените се посветени на воспоставување на систем на интегритет преку проценка и отстранување на ризиците кои придонесуваат за корупција, проневера, кражба, поткуп, судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен третман или која било друга форма на незаконско или неетичко однесување.

2. Вработените во Министерството ги почитуваат принципите на Политиката на интегритет и во согласност со Кодексот за административни службеници:

- Ги промовираат вредностите: вистинитост, чесност и правичност и ги поттикнуваат другите административни службеници да постапуваат согласно овие вредности.
- Го застапуваат јавниот интерес, правата и интересите на сите граѓаните и другите субјекти во заедницата, имајќи ги предвид развојните цели на општеството.
- Не ги користат предностите што произлегуваат од статусот на административен службеник заради остварување на лична корист.
- Обезбедуваат вистинити, соодветни, навремени и целосни информации за граѓаните и јавноста и никогаш да не ги злоупотребуваат информациите до кои дошле при вршење на работата, со цел напредување, заслуга или остварување на друг личен интерес.
- Во приватниот живот и во јавноста се однесуваат достоинствено и не постапуваат на начин со кој би се нарушил личниот углед и интегритет, угледот и интегритетот на институцијата и на администрацијата во целина.
- Се грижат за безбедноста на доверените предмети и документи.

- Се однесуваат кон странките љубезно, учтиво, со јасно објаснување или советување дадено со смирен тон, должна почит и водење сметка дека тие се обраќаат заради остварување на нивните права, обврски и интереси.
- Во односот со колегите го негуваат духот и начелата на тимска работа, взаемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка.
- Со формален начин на облекување ја изразуваат почитта кон службата, но и кон колегите, соработниците и странките.
- Кон ресурсите што им се дадени на користење, како и во вршењето на работата се однесуваат економично и ефикасно, користејќи ги исклучиво за службени потреби.

3. Коруптивните дела се казниви според Кривичниот законик и тие, како и професионално неприфатливо, неетичко, однесување кое што може да биде поттикнато од корупција, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска одговорност.

4. Вработените, во случај да им биде понуден поткуп или да се поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба во писмена форма, лично, или преку посебно поштенско, или електронско сандаче или усно на записник, да пријават кај раководното лице на Министерството, појаснувајќи ги деталите за времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

5. Вработените кои биле сведоци или имаат разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес од страна на вработени во Министерството, треба да пријават кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, односно, раководното лице на Министерството, согласно Законот за заштита на укажувачите.

Укажувачот има гаранции дека со информациите ќе се постапува со целосна доверливост.

6. Ништо што е содржано во оваа Политика на интегритет не го ограничува раководното лице на Министерството и вработените во смисла на пријавување на кривични дела во надлежните институции како што се Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство или во Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Министерство за локална самоуправа**

**Јуни, 2016 година**

**МИНИСТЕР**

**D-r Shiret Elezi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
2
СКОПЈЕ

Shiret Elezi